ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Ѕвегор под маски. Се одржа стариот обичај под маски СУРОВА
- Општина Делчево објави јавна набавка за изработка на тех. документација за изградба на кружни крстосници
- Промовирани резултатите на Општина Делчево од проектот на УСАИД
- Екоакција на Општина Делчево и НУЛА ОТПАД: Бесплатно ослободете се од елетронскиот и електричниот отпад


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 43 ЈАНУАРИ 2024


## Ѕвегор под маски. Се одржа стариот обичај под маски СУРОВА



### Општина Делчево објави јавна набавка за изработка на тех. документација за изградба на кружни крстосници



### Промовирани резултатите на Општина Делчево од проектот на УСАИД



### Екоакција на Општина Делчево и НУЛА ОТПАД: Бесплатно ослободете се од елетронскиот и електричниот отпад





Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ" бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Советот ја одржа 31 Седница



На 31 Седница на Советот на Општина Делчево на Дневен ред беа повеќе програми и извештаи за работа на Општина Делчево.

Советниците со мнозинство гласови ги усвоија: Извештајот за реализација на Програмата за односи со јавност и промоција на Општина Делчево за 2023 година и ја донесоа Програмата за односи со јавност и промоција на Општина Делчево за 2024 година. Исто така, беше усвоен и Извештајот за реализација на Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година, Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година и Програмата за социјална заштита за 2024 година.

Советниците ги верификуваа мандатите на членовите на Локалниот младински совет во кој членуваат:

1. Сара Ангелова – СОУ М.М.БрицоДелчево
2. Искра Георгиевска – Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК“ Делчево
3. Вања Георгиевска – КУД „Гоце Делчев“ Делчево
4. Анастасија Такева – Организација ЖЕНА Делчево
5. Ана Мавродиева – Регионален центар за застапување Делчево.

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Делчево трае 2 години со право на уште еден избор.

Советниците донесоа Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево.

Покрај постојаните членови, Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево може да ангажира и други лица како привремени членови во зависност од елементарната непогода која во даден момент е актуелна. Задача на Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево е да раководи со просторните сили и другите субјекти ангажирани за заштита и спасување, како и донесување конкретни мерки и активности за време на кризна или вонредна состојба. Материјалното обезбедување на Штабот за заштита и спасување за Општина Делчево ќе се врши преку Буџетот на Општина Делчево.

На Седницата, меѓу другото се донесоа и одлуките за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево и Одлука со која дава согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе.

Оставка од член на Советот поднесе советникот Зекри Абдулов, по што советниците донесоа Одлука за престанок на мандатот на советникот Абдулов.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Промовирани резултатите на Општина Делчево од проектот на УСАИД



Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите кој се спроведуваше во изминатиот период од 18 месеци преку реализација на низа активности и во насока на подобрување и унапредување на капацитетите на Општината, донесе евиденти позитивни резултати и промени во неколку области од работењето на Општината кои беа презентирани на заеднички состанок кој се одржа во Општина Делчево.

Општина Делчево беше една од 24 –те нови партнер општини на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите и доби голема техничка поддршка од Проектот.

Позитивниот напредок и промени се евидентирани во следните области:

–Зголемена наплата на приходи од сопствени извори за над 21% ,

–Подготвен Извештај со препораки за подобрување на организациските капацитети за администрирање на локалните даноци,

–Зголемен капацитет на даночното одделение за ажурирање на базата на податоци за данок на имот,

–Информирање на даночните обврзници за плаќањето на данокот на имот, преку едукативната кампања “Мој данок за мојата општина” споделена на веб-страница на општината на следниот линк: https://www.delcevo.gov.mk/en/danoci ,

–Изработен Извештај за самооценување на успешноста во управувањето со јавните финансии за 2022, со препораки за подобрување согласно претходно утврдени индикатори за мерење на успешноста,

–Подготвена и усвоена Процедура за извршување на расходите на Буџетот на Општина Делчево,

–Објавен Апстракт од конечни извештаи од внатрешна ревизија за 2021 година на https://www.delcevo.gov.mk/Apstrakt,

–Индексот за буџетската транспарентност за 2022-2023 изнесува 16 (од можни 16) индексни поени, во споредба со 2021-2022 кога изнесувал 14,

–Подобрена активната транспарентност која во 2023 година изнесува 97,12% , во однос на 2022 кога изнесуваше 88,6%,

–Подготвена Процедура и акциски план за подобрување на внатрешната комуникација во Општината: https://www.delcevo.gov.mk,

–Објавени индикатори на ризик во јавните набавки за 2022 година https://www.delcevo.gov.mk/javni-nabavki,

–Интензитетот на даночната транспарентност на Општина Делчево за 2022-2023 изнесува 58% (од можни 100 %) во однос на 2021-2022 кога изнесувала 46%.

Актуелности

# Општина Делчево објави јавна набавка за изработка на тех. документација за изградба на кружни крстосници



Општина Делчево објави јавна набавка на услуги „Изработка на техничка документација за изградба на кружни крстосници преку проектот–Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во Делчево.

За реализација на набавката се обезбедени парични средства во вкупен износ од 1.995.480,00 денари од склучен Грант за изработка на техничка документација преку Фондот за техничка документација кој е воспоставен со поддршка на Проектот на УНДП (United Nations Development Programme) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

За проектирање се предвидени следниве крстосници:

–Првата крстосница е класична четирикрака крстосница регулирана со хоризонтрална и вертикална сигнализација помеѓу ул. „Индустриска“ (R2343), ул. „Македонска“ и Булевар Македонија (А3).

-Втората крстосница е асиметрична сложена крстосница помеѓу ул. „Методи Митевски Брицо“ и Булевар Македонија (А3) на која сообраќајот е регулиран со семафори и со хоризонтална и вертикална сигнализација.

-Третата крстосница е класична четирикрака крстосница регулирана со хоризонтална и вертикална сигнализација помеѓу ул.„Скопска“, ул. „Методи Митевски Брицо“ и Булевар Македонија (А3).

Како критериум за избор на најповолна понуда ќе се користи економски најповолната понуда врз основа на: **најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот .**

Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на ден **12.02.2024 година во 9:00 часот** во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација Општина Делчево со седиште на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1 во Делчево, сала за состаноци.

# Објавена јавна набавка за изградба на нови улици во Делчево

Актуелности

Општина Делчево објави јавна набавка за изградба на нови улици во три населби во градот со што ќе се создадат услови за подобар квалитет на животот на граѓаните, а со современи сообраќајници ќе се заменат досегашните земјени улици. Јавната набавка за работи се однесува на изградба на дел од ул. „Булевар Македонија“ изградба на краци на ул. „Орце Николов“ (Шумски Расадник) и изградба на ул. „3“ и ул. „5“ во населба „Пролет“. За реализација на набавката се обезбедени парични средства во вкупен износ од 13.300.000,00 денари без ДДВ, односно од 15.743.000,00 од Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Со склучен Договор за меѓусебно регулирање на правата и обврските во однос на извршена исплата на финансиски средства на Општина Делчево ѝ се доделени средства во износ од 9.225.000,00 денари наменети за Проект за изградба на краци на ул „3“ и ул. „5“ во населба „Пролет“; средства во износ од 3.640.000,00 денари наменети за Проект за изградба на краци на ул „Орце Николов“ и средства во износ од 2.878.000,00 денари наменети за Проект за изградба на дел од улица бул. „Македонија“.

Договорот за јавна набавка ќе се додели со спроведување на Поедноставена отворена постапка за набавка на работи. Јавното отворање на Електронскиот систем ќе биде на 14.02.2024 година.









Актуелности

# Објавени конкурсите за општински стипендии

Општина Делчево ги објави конкурсите за доделување општински стипендии за ученици и студенти. Согласно конкурсите, Општина Делчево и годинава ќе доделува 28 стипендии за ученици и за студенти во две категории. Стипендиите се неповратни и ќе се исплаќаат за период од девет месеци започнувајќи од јануари 2024 г. Висината на стипендијата зависи од категоријата на која аплицира средношколецот, односно 1 000 ден месечно за првата категорија и 1.500 денари месечно за втората, додека висината на стипендиите за студенти изнесува 2.000 денари месечно за првата категорија и 3.500 денари месечно за втората категорија.

Годинава Општина Делчево доделува 18 ученички стипендии во две категории.

Во **првата категорија** се предвидени 10 ученички стипендии за одлични ученици од II, III и IV година со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение и ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или примателии на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 1.000 денари месечно, а ќе се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2024 година;

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 8 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето кои ги исполнуваат условите да се редовни ученици од II, III и IV година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение, како и ученици кои во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари. Висината на стипендијата изнесува 1.500 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2023 година;

Годинава се доделуваат 10 стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија, во две категории.

Во **првата категорија**, Општина Делчево доделува 6 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва), кои се жители на Општина Делчево и студираат на државните универзитети во РСМ, а се редовни студенти со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 2.000 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2023 година.

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 4 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, редовни студенти од техничките науки и медицински науки од сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето, редовни студенти од општествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето.Висината на стипендијата е 3.500 ден месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од јануари 2023 г.

Конкурсот за доделување стипендии е објавен на општинската веб-страница, delcevo.gov.mk, и локалните медиуми. Потребните документи можат да се доставуваат по пошта и во Архива на Општина Делчево секој ден од 7.30 до 15.30 ч. Конкурсот е отворен до 26.01. 2024.

# Трајковски во посета на првороденото новороденче во 2024

Актуелности




Првороденото новороденче во 2024 г. во Општина Делчево е малиот Теодор кој го доби традиционалниот подарок од Општина Делчево, еднократен паричен износ од 10.000 ден. Теодор е роден на 2 јануари во Штипската болница и е второ дете во семејството на Бошко и Јорданка Димитровски од Стамер.

Традиционално и оваа година, градоначалникот Горан Трајковски го предаде подарокот на родителите.

– Ми претставува посебно задоволство што денеска го посетивме домот на првото новородено во Делчево за 2024 г. На првиот жител во 2024 , малиот Теодор, испраќаме желби, за среќно и безгрижно детство и да донесе многу радост и гордост на семејството, но и на општината. Делчево се радува на секое новороденче, бидејќи добива нов жител, но првороденото во годината, е симбол на среќата и надежта и тоа е предвесник на новата генерација дечиња кои ќе се родат во оваа 2024 год. Ја користам оваа прилика да им ја честитам радоста на родителите и да има посакам многу љубов и многу дечиња да им го развеселуваат домот, истакна Трајковски.

Општина Делчево дарува 10.000 денари на првороденото новороденче во годината чии родители живеат во Делчево. Исто така, како една од социјалните мерки која значи поддршка на родителите кои добиле новороденче, Општина Делчево исплаќа по 3 илјади денари еднократна парична помош. Минатата година по оваа основа се исплатени 196 илјади денари.

# Се осветија водите на река Брегалница. Борче Мирчевски најсреќен.

Актуелности




Со традиционална свечена црковна церемонија и во присуство на стотици верници, денеска се осветија водите на река Брегалница во Делчево. Борче Мирчевски беше најсреќен и највешт и успеа од триесетината момчиња кои се фрлија во студените води на река Брегалница, да го фати светиот крст при церемонијата за осветување на реката Брегалница.

Традиционално, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски на среќниот фаќач на светиот крст му доделува парична награда во износ од 10.000 денари.

– Традицијата поврзана со денешниот ден е една од најзначајните и таа живее со векови и нѐ обединува потврдувајќи ја силата на нашата жива вера. Тоа е голем празник во сите храмови, посебно во Делчево, каде чинот на осветување на водите на реката Брегалница, вообичаено, собира илјадници верници кои сведочат на осветувањето на водите и носи благородна порака за Божјата благодет, прочистување, оптимизам, надеж и верба во доброто, совршеното, чистото. Упатувам честитки на нашиот сограѓанин кој успеа да го фати светиот крст од студените води на Брегалница и му посакувам да го следи среќа и него и неговото семејство, а да донесе среќа и бериќет на целиот наш град. Нека е за многу години, рече Трајковски.

Среќниот фаќач на крстот традиционално доби подарок од делчевската црква. На среќниот Борче Мирчевски, владиката Марко му подари икона, библија и крст, додека годинава традиционалната награда од општествено одговорната компанија „Зегин“ е вредносен ваучер од 14.000 ден од „Техномаркет“.

Свеченоста по повод денешниот верски празник, Водици, започна утрово во црквата „Успение на пресвета Богородица“, каде се одржа свечена богојавленска литургија со која чиноначалствуваше неговото преосвештенство епископ г-ин Марко.

# Избран новиот состав на Локалниот младински совет

Актуелности



Локалното собрание на млади на непосредни избори со тајно гласање ги избраа членовите на новиот Локален младински совет. Согласно со постапката, Локалното собрание претходно имаше распишано Јавен повик за членови на Локален младински совет на кој можеа да се пријават младински организации, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои имаат активности на територијата на Општина Делчево под услов номинираните членови да се жители на Општина Делчево и да се на возраст од 15 до 29 години. Од вкупно номинираните седум кандидати за членови на Локалниот младински совет беа избрани:

1. Сара Ангелова – СОУ М.М.Брицо Делчево
2. Искра Георгиевска – Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК“ Делчево
3. Вања Георгиевска – КУД „Гоце Делчев“ Делчево
4. Анастасија Такева – Организација ЖЕНА Делчево
5. Ана Мавродиева – Регионален центар за застапување Делчево

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет ќе биде дополнително верифициран од Советот на Општина Делчево и тој е со времетраење од две години со право на уште еден избор.

Актуелности

# Бесплатно ослободете се од електронскиот и електричниот отпад




Продолжен е рокот за пријавување за бесплатно преземање електричен и електронски отпад од домовите на граѓаните на Делчево. Граѓаните кои имаат расипани електронски и електрични уреди од домот или компанијата, можат да се јават до крајот на месецот јануари на **ЕКО ЛИНИЈАТА 070 236 000** и на договорен ден, НУЛА ОТПАД **бесплатно** ќе го преземе отпадот од прагот на Вашиот дом или компанија.

Општина Делчево во партнерство со НУЛА ОТПАД и ЈКП „Брегалница" организираат еколошки проект за собирање отпадна електрична и електронска опрема од домаќинствата.

Во отпад од електрична и електронска опрема спаѓа:

– Големи домашни апарати (фрижидер, шпорет, машина за перење, клима уред и др.)
– Мали домашни апарати (пегла, правосмукалка, тостер, фен и др.)
– Компјутерска опрема (компјутер, печатач, фиксен и мобилен телефон и др.)
– Електронска опрема (радио, телевизор, камера, видеорекордер, музички системи и др.)
– Електрични и електронски апарати (бушилици, пили,машина за шиење и др.)
– Електронски играчки и опрема (видеоигри,справи за вежбање, играчки на батерии и др.)
– Се преземаат и отпадни батерии и акумулатори

За секој предаден апарат се добиваат соодветни ваучери од ТЕХНОМАРКЕТ И МЕРКУР.

Вредноста на ваучерот за мали апарати е 100 ден., а за голем уред 400 ден.!!

Заедно да ја заштитиме животната средина од опасниот отпад!

# Ѕвегор под маски. Се одржа стариот обичај под маски СУРОВА

Култура



Ѕвегорските суроваскари го продолжија живото културно наследство во Пијанец поврзано со Василица, локалниот обичај под маски Сурова. Главните актери во театарот на отворено на самиот ден Василица го бркаа лошото од Пијанец благословувајќи ги домаќините со сурова-млада и здрава нова година зачувувајќи ја автентичната традиција на весела свадбена поворка.

На Василица, стотина маски, меѓу кои задолжителните ликови на невестата и младоженецот, белаците, бабите, мечкарите во Ѕвегор не одминаа ниту една куќа и задолжително ја играа улогата на ликот кој го претставуваат.

Така, еротските игри асоцираат на плодноста, старите баби и мечкарите им помагаат на болните, а се црнат присутните и гостите за здравје. Белаците се војска кои со дрвени сабји и пушки ја чуваат невестата предвреме откриена.

Суроваскарите го завршија танцот во селото доцна попладнето и на трпеза подготвена од кумовите на годинешната свадба, се симнаа маските и се откри несветата.

Етнолозите овој обичај под маски во селото Ѕвегор го нарекуваат и Пијанечко Вевчани, поради уникатноста и вековноста на обичајот.

Организацијата на настанот е на кумовите на годинешната „Сурова“, Давид Захариев и Дарио Ивановски со поддршка на спонзори и Општина Делчево.







Култура

# Зимски работилници во ЈЛБ „Илинден“



За време на зимскиот распуст на учениците, во ЈЛБ„Илинден“ се одржаа две работилници на кои учествуваа деца до 10- годишна возраст. Темите се со интересен наслов и поттикнуваат креативност на најмладите, но и стекнување основни познавања. На првата работилница се твореше на тема „Дали кравата е шумско, а волкот домашно животно?“ На работилницата, децата, најпрво, имаа задача да нацртаат и обојат домашно или шумско животно, потоа сите цртежи со животни беа поделени на домашни и шумски и беа изложени во читалната на библиотеката.

На импровизирана „штала“ децата, исто така, ставија слики од домашни и шумски животни, разговарајќи за тоа каде живеат шумските животни и што добиваме од домашните животни.

На втората работилница со наслов „Поле, трева, стогови, растат сочни плодови“, децата имаа за цел да обојат слики со зеленчук и овошје. Сликите беа изложени во читалната на библиотеката, а учесниците на работилницата разговараа за тоа колку е важно да се јаде зеленчук и овошје и кое плодови спаѓаат во зеленчук, а кои во овошје и како се добиваат сочни плодови во овоштарниците или зеленчуци од градината.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Биљана Петровска изрази благодарност до сите учесници во работилниците и потенцираше дека вакви работилници ќе бидат редовна практика во библиотеката.

-Нашата цел е да ја поттикнуваме креативноста и кај најмладите и преку игра да стекнуваат основни познавања. Иако беше зимски распуст интересот беше доста голем. На двете работилници беше убаво, креативно, мотивирано и забавно, а сето тоа надополнето со шаренило, насмевки и детски џагор. Со ваков вид анимирање на најмладите ќе продолжиме и наредниот период, порача Петровска.

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**